**Трајко Мицески**
Економски факултет
Универзитет "Гоце Делчев"
Штип, Р. Македонија

**Наташа Стојовска**
Економски факултет
Универзитет "Гоце Делчев"
Штип, Р. Македонија

# ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА НАТАЛИТЕТОТ ВО Р.МАКЕДОНИЈА КАКО ПОТТИК ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ФАКТОРИТЕ НА ВЛИЈАНИЕ ЗА ТАКВИТЕ СОСТОЈБИ

*Апстракт*

*Луѓето со своето постоење, знаење, вештини и креативност се незаменлив реализатор на успешноста на секоја активност, на секое претпријатие и на секоја земја. Оттука, наталитет на населението и неговиот опстој во земјата, се основните фактори за развој на секоја земја. Но, податоците информираат дека последниве две до три децении, наталитетот во Р. Македонија опаѓа. Најзначајните биолошки фактори зборуваат дека во 1980 година бројот на живородени деца изнесуваше 39.794, во 2000 година 29.308, додека, пак, во 2010 година тој број изнесуваше 24.296, за во 2012 да падне на 23.568 живородени деца. Значи, податоците покажуваат дека бројот на новородените деца во последниве децении континуирано опаѓа. На ваквиот тренд влијаат повеќе биолошки, економско–социјални и психолошки фактори.*

*Во трудот, преку елаборации, табеларни, графички и пресметковни прикази, ќе бидат презентирани како податоците за временска серија на наталитетот, така и анкетните истражувања.*

*Клучни зборови: наталитет, население, новородени, фактори на влијание, анкетни истражувања.*

*Abstract*

*People with their existence, knowledge, skills and creativity are irreplaceable performer of the success of every activity, every company and every country. Hence, population growth and their survival in the country are the primary factors for the development of each country. But, data inform that in the last two to three decades, the natality in R. Macedonia is declining. The most important biological factors show that the number of births was 39,794 in 1980, 29,308 in 2000, 24,296 in 2010, while in 2012 there were 23,568 live births. So, the data show that the number of newborns in the last decades is continuously declining. On this trend have influence multiple biological, economic - social and psychological factors.*

*In this paper, through elaborations, tabular, graphic and computational representations, will be presented time series data about natality, as well as surveys .*

*Keywords: natality, population, newborn, impact factors, surveys.*

## Вовед

Податоците за светското население укажуваат на сè позабавено темпо на пораст. Всушност, се појави тренд на самоуништување, изразен преку намалениот наталитет на светското население, кој добива сè поголем интензитет. Неизбежни последици од ваквиот тренд се намален број родени деца, односно демографско стареење на населението.

И состојбата со наталитетот во Македонија покажува дека нашата земја демографски старее. Така, според последните податоци за 2012 година, на една жена отпаѓа по 1,7 родено дете, а критичната граница која дава црвен сигнал за стареење е 2,1 дете на една жена. Оваа граница Македонија ја премина во 2005 година, кога на една жена и отпаѓаа 2 деца.

## Развојната тенденција на наталитетот и очекуваното траење на животот во Р.Македонија

Наталитетот во Р.Македонија покажува тренд на опаѓање, додека очекуваното траење на живот постепено се зголемува. Ваквите трендови значат стареење на македонското население. Развојната тенденција на овие демографски варијабли е претставена табеларно и графички.

Табела 1: Движењето на наталитетот и очекуваното траење на живот во Р.Македонија во периодот 1980-2012 година

| **Години** | **Живородени деца** | **Очекувано живеење** |
|---|---|---|
| 1980 | 39.784 | 69,7 |
| 1981 | 39.488 | 69,7 |
| 1982 | 39.789 | 69,7 |
| 1983 | 39.210 | 69,8 |
| 1984 | 38.861 | 69,9 |
| 1985 | 38.722 | 70,1 |
| 1986 | 38.234 | 70,4 |
| 1987 | 38.572 | 70,6 |
| 1988 | 37.879 | 70,9 |
| 1989 | 35.927 | 71,1 |
| 1990 | 35.401 | 71,3 |
| 1991 | 34.830 | 71,5 |
| 1992 | 33.238 | 71,6 |
| 1993 | 32.374 | 71,8 |
| 1994 | 33.487 | 71,9 |
| 1995 | 32.154 | 72,1 |
| 1996 | 31.403 | 72,4 |
| 1997 | 29.478 | 72,6 |
| 1998 | 29.244 | 72,7 |
| 1999 | 27.309 | 72,8 |
| 2000 | 29.308 | 73,2 |
| 2001 | 27.010 | 73,2 |
| 2002 | 27.761 | 73,3 |
| 2003 | 27.011 | 73,4 |
| 2004 | 23.361 | 73,6 |
| 2005 | 22.482 | 73,8 |
| 2006 | 22.585 | 73,8 |
| 2007 | 22.688 | 74,0 |
| 2008 | 22.945 | 74,2 |
| 2009 | 23.684 | 74,6 |
| 2010 | 24.296 | 75,1 |
| 2011 | 22.770 | 75,1 |
| 2012 | 23.568 | 75,1 |

Извор: Светска Банка, Статистика за население

Графикон 1: Движењето на наталитетот и очекуваното живеење во Р.Македонија во периодот 1980-2012 година




Табеларниот и графички приказ покажуваат значително намалување на наталитетот во периодот од 1980 до 2011 и мал пораст во 2012 година. Имено, во 2011 година, бројот на родени деца е намален за 43% во однос на 1980 година, додека во 2012 година се забележува пораст на живородените деца за 3% во однос на 2011 година. Очекувано траење на животот, пак, во последните три години од 2010-2012 година е непроменето и изнесува 75,1 години, што претставува пораст за 5,4 години, односно за 7% во однос на 1980 година.

## Фактори на намалениот наталитет во Р.Македонија

Постојат бројни фактори кои го детерминираат природното движење на населението. Тие може да се класифицираат на следниот начин:

1) **Биолошки ограничувања**

Покрај промените во репродуктивниот период на жената, изразени преку снижување на границите на добивање и исчезнување на менструацијата, сè позастапен е стерилитетот. Повеќето причини за неплодност произлегуваат од животниот стил и брзото темпо на живеење (стрес, инфекции, зависност од цигари, алкохол, дрога, нездрава исхрана, користење на хемиски супстанци за зголемена мускулна маса и други)[1].

2) **Економски услови**

---

[1] http://preventus.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2426:2012-08-01-00-21-39&catid=61:zanegoizanea&Itemid=80

Добиените анкетни искази, зборуваат дека, самите економски услови во земјата, изразени преку нискиот животен стандард, несигурноста на работното место и зголемените трошоци за живот, водат кон загрозување на животната егзистенција на брачните парови, а тоа влијае на ограничување на бројот на деца. Станбеното прашање, паричните примања и вработеноста се доста значаен предуслов во донесувањето на одлука за дете. Живеењето под кирија и немањето сопствен дом, егзистенцијата со минимални социјални примања или примања само од еден член се доста чести причини за одложување на бракот или немање дете, иако постои желба за тоа.

**3) Напредок на знаењето**

Напредокот на знаењето во сите области кои се поврзани со наталитетот придонесува кон намалување на бројот на родени деца. Така, за разлика од традиционалните несигурни методи, како броењето на плодни денови, апстиненција и други, техничко - технолошкиот развој во медицината овозможи примена на далеку посигурни методи, како што се таблетите за контрацепција, кондоми, хируршка стерилизација и разни инјекции и импланти[2].

**4) Социјални фактори**

На одлуката за брак и дете големо влијание има средината на живеење. Вредностите, искуствата, размислувањата и ставовите на потесното и поширокото семејство, однесувањето во рамки на семејството, како и односите меѓу сите членови е многу веројатно дека ќе влијае и врз репродуктивното однесување на потенцијалните родители[3]. Во овој поглед, денешните семејства сè повеќе се составени од неопходните членови –

---

[2] Hatcher, Robert A. Guest, Felicia. Stewart, Felicia. Stewart, Gary K. Trussel, James. Frank, Erica. *Contraceptive Technology*. 12th revised edition. 1984. New York: Irvington, p.56

[3] Ekerman, Natan V. *Psihodinamika porodičnog života*. 1966. Titograd: Grafički zavod

сопруг, сопруга и едно до две деца, а меѓусебните односи се карактеризираат со зачестени конфликти, недоразбирања, разводи.

Улогата на државата е особено значајна во поглед на финансиската поддршка и законската регулатива во оваа област. Честа практика кај нас е предност за вработување да имаат оние жени кои веќе имаат деца, како и несигурност на работното место доколку се забремени. Токму од овие причини, младите девојки кои се пред мажење и жените кои штотуку стапиле во брак го одложуваат бракот и раѓањето деца додека не исполнат доволен стаж и изградат кариера.

**5) Здравствени причини**

Здравствените причини за намалениот наталитет може да се третираат од аспект на мајката, каде станува збор за измислени болести кои се користат како оправдување за да се сокрие желбата да не се роди детето и од аспект на докторот (гинекологот), каде станува збор за реални здравствени проблеми кои оневозможуваат нормален тек на бременоста и раѓање на детето[4].

**6) Променета психологија на човекот**

Денес потребата за хедонизам, односно лично задоволство е сè повеќе изразена. Имено, во услови на раст на расположливиот доход, стресен начин на живот и недостаток на време, кај младите лица се зголемува потребата за уживање, мали задоволства и поквалитетно слободно време. Во овој поглед, човекот се јавува како себично и егоистично суштество чиј приоритет е личното задоволство, а не жртвување и пружање задоволство на свое дете.

**7) Намален број на склучени бракови**

Врз овој тренд влијаат повеќе фактори, меѓу кои позначајни се:

- *Поголемо учество на жените на пазарот на труд*

[4] Демерџиев К. *Автогеноцид.* 1998. Скопје: печатница Софија- Богданци

Денешното ниво на едуцираност, интелегентност и продуктивност на жената се изедначи со она на мажот, а ова од една страна, овозможи исти работни места, плати и полова недискриминација при вработувањето, но и намален интерес за брак, од друга страна.

- *Прониски релативни приходи на мажите*

Денес, поголемата вработеност на жената во споредба со минатото, значи и изедначување на приходите на мажот и жената, односно зголемување на релативните приходи на жената, а намалување на релативните приходи на мажот. За да се чувствуваат посупериорно и помоќно во однос на жената, мажите најпрво сакаат да обезбедат сигурен и извор на приход пред да влезат во брак. Додека го постигнат ова, го одложуваат бракот.

- *Помалку жени во однос на мажи*

Во Македонија, сите пописи на населението укажуваат на поголем број мажи од жени. Проценката на населението на 31.12.2012 година покажува дека 50,1% се мажи, а 49,9% се жени. Притоа, од 782.805 жители на возраст 20-44 година, 51,1% се мажи, а 48,9% се жени, што покажува неусогласеност и кај потенцијалните мажи и жени за брак[5]. Дополнително го намалува бројот на склучени бракови и фактот што овие жени првенствено бараат работа на пазарот на труд, а не како домаќинка.

- *Намалени придобивки од формирањето семејство*

За разлика од порано, кога за жената најбитна беше улогата на домаќинка, мајка и сопруга, денес, над сите нив се издигнува улогата на работничка. Ваквата промена на приоритетите индиректно влијае на намален

[5] Државен завод за статистика на Р.Македонија. Публикација: Процени на населението на 31.12.2012 според полот и возраста, по општини и по статистички региони,

број бракови. Имено, жената при изборот на партнер поставува повисоки критериуми кои треба да ги поседува во однос на образованоста, интелегенцијата и финансиската состојба, односно настојува потенцијалниот сопруг да биде соодветен на нејзиниот статус[6]. Барањето на соодветниот сопруг води кон одложување на бракот или невлегување во брак.

- *Пониски трошоци на супститутите*

Покрај бракот меѓу маж и жена, денес е сѐ почеста појавата на бракови меѓу лица од ист пол во земјите каде законски е дозволено. Иако во нашата земја не е дозволен ваков брак, постојат многу парови од ист пол кои се во врска или живеат заедно. Ваквиот тренд влијае на намалување на склучениот број хетеросексуални бракови.

## 8) Зголемен број на разведени бракови

Врз овој тренд влијаат повеќе фактори, меѓу кои позначајни се:

- *Законите кои се однесуваат на разводот*

Законските одредби кои се однесуваат на разводот овозможуваат лесно прекинување на бракот. Непостоењето на посебни законски ограничувања ја олеснува можноста за крај на бракот.

- *Зголемената способност на жените за самостојно издржување*

Денес, повеќето мажени жени не се зависни од мажот во поглед на финансиската сигурност. Поголем број од нив се вработени и генерираат приходи кои се доволни за сопствена животна егзистенција и грижа за своето дете. Поради тоа што брачните несогласувања се често застапени во ова современо живеење, бракот сѐ почесто не успева и завршува со развод.

- *Приспособување кон нови социјални норми*

[6] Paserman, Daniele M. *Waiting for Mr.Right: Rising inequality and declining marriage rates*. 2003. Journal of urban economics 53, no.2

Со поголемото учество на приходот обезбеден од жената во структурата на семејниот буџет, логично е да се јави и поделба на семејните работи меѓу нив. Поделбата на улогите може да предизвика конфликти и проблеми кои ја зголемуваат веројатноста за развод.

- *Влошени економски услови*

Економските услови во нашата земја се карактеризираат со несигурност, што може да доведе едниот брачен другар чиј приход е основен извор на егзистенција за целото семејство, да биде отпуштен од работа, а со тоа бракот да заврши со развод.

- *Подобар пристап до средства за контрацепција и абортус*

Голема улога за судбината на бракот имаат децата, така што доколку ги нема, веројатноста е поголема. И кога постојат деца, веројатноста за развод е помала доколку барем едно од детето е машко, а поголема ако сите се женски[7]. Наспроти ова, разводите се најчести на почетокот од бракот кога сеуште не постојат деца или нивното доаѓање се одложува благодарение на абортусот и употребата на контрацептивни средства.

## Заклучок

Проблемот со намалениот наталитет во Македонија укажува на неколку тренда кои имаат помал или поголем придонес кон ваквото негативно движење на населението. Сите тие се јавуваат како последица на современото живеење изразено преку подобрите општи услови за живеење, пошироката и подостапна здравствена услуга, поголем степен на образованост на жената и нејзина вклученост на пазарот на труд. Всушност, економскиот, социјалниот и културниот напредок на човекот водат кон

[7] Morgan, Philip S. Diane, Lye N. and Gretchen, Condran A. *Sons, daughters and the risk of marital disruption.* 1988. American journal of sociology 94, no.1, pp.110-119

зголемување на потребите за професионален развој, лично задоволство и уживање, од една страна, а намалување на желбата за деца, од друга страна.

Трендовите на намалена стапка на раѓања и оплодувања, намалена стапка на склучени бракови и зголемена стапка на разведени бракови заземаат сè поголем замав. Неизбежна последица од ваквите трендови е зголемување на бројот на лица кои никогаш не стапиле во брак, лица кои стапуваат во брак на постара возраст и семејства со еден родител.

## Conclusion

The problem with falling birth rates in Macedonia indicates several trends that have smaller or bigger contribution to this negative movement of population. They appear as a consequence of modern life expressed through improved general living conditions, wider and more accessible healthcare, higher level of education of women and their participation in the labor market. In fact, the economic, social and cultural development of the people leads to increased needs for professional development, personal satisfaction and leisure, on the one hand, and reduced desire for children, on the other hand.

The trends of reduced fertility rate and fertilization, reduced marriage rate and increased rate of divorces are more and more increasing. The inevitable consequence of these trends is the increased number of persons who have never married, people who marry at older age and single parent families.

## Користена литература


1. Hatcher, Robert A. Guest, Felicia. Stewart, Felicia. Stewart, Gary K. Trussel, James. Frank, Erica. *Contraceptive Technology*. 12th revised edition. 1984. New York: Irvington

2. Ekerman, Natan V. *Psihodinamika porodičnog života*. 1966. Titograd: Grafički zavod

3. Paserman, Daniele M. *Waiting for Mr.Right: Rising inequality and declining marriage rates*. 2003. Journal of urban economics 53, no.2

4. Morgan, Philip S. Diane, Lye N. and Gretchen, Condran A. *Sons, daughters and the risk of marital disruption.* 1988. American journal of sociology 94, no.1

5. Демерџиев К. *Автогеноцид.* 1998. Скопје: печатница Софија- Богданци

6. Државен завод за статистика на Р.Македонија. Публикација: Процени на населението на 31.12.2012 според полот и возраста, по општини и по статистички региони

7. Светска Банка, Статистика за население

8. http://mk.wikipedia.org/wiki/Менструален_циклус

9.http://preventus.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2426:2012-08-01-00-21-39&catid=61:zanegoizanea&Itemid=80